Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 16.11.2023

Денеска (16.11.2023) во Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Скопје ги лишиле од слобода Г.Ц.(31) и А.Н.(19), двајата од Скопје.
При претрес во домот каде што престојувал Г.Ц., извршен со судска наредба, а во кој била затекнато и А.Н., пронајдени се и одземени над два килограми амфетамин, околу половина килограм марихуана, дигитална вага, пари и пиштол. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе им бидат поднесени соодветна пријава.

На 16.11.2023 од страна на полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје, по претходно добиена судска наредба, извршен е претрес во дом на Б.А.(25) од Скопје. При претресот пронајдени се три кеси со марихуана со вкупна тежина од околу еден илол килограм. Б.А. е лишен од слобода и задржан во полициска станица и против него по документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна кривична пријава по брза постапка.

Вчеравечер (15.11.2023) околу 22.00 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи во Гостивар ги лишиле од слобода 23-годишниот гостиварец С.Т. и 19-годишната Ј.В. од Република Србија. При претрес во неговиот дом во Гостивар, извршен со судска наредба, а во кој тој бил затекнат и Ј.В., бил пронајден и одземен марихуана и кокаин. Двајата се задржани во Полициската станица Гостивар за целосно расчистување и документирање на случајот, по што против нив ќе следуваат поднесоци.

На 15.11.2023 во 15.45 часот во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишија од слобода В.Н.(37) од Охрид. При претрес во неговиот дом, извршен по судска наредба, биле пронајдени и одземени кафеава течност и предмети со остатоци од кафеава течност, но и други предмети за кои постои сомнение дека поврзуваат од криминално дело. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.11.2023 во 22.35 часот на улица „Партизанска" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид ги приведоа Н.Т.(59) од Охрид и А.Н.(28) од Струга затоа што кај нив е пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот, против нив ќе бидат поднесени соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово, вчера (15 ноември) околу 19 часот и 30 минути на улица „Радован Џинџиќ" во Тетово го лишиле од слобода 24-годишниот Ј.А. од Тетово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 15.11.2023 во 16.40 часот на ул.„Лубица Богеска" во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода Н.В.(30) од село Цревеци, кичевско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка со остатоци од марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (16.11.2023) во 01.30 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје ја лишиле од слобода А.Н.(20) од Скопје затоа што кај нее била пронајдени и одземени бела працкаста материја и таблети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (16.11.2023) во 01.20 часот во с.Кондово-скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.Н.(23) од с.Кондово, скопско, затоа што кај него бил пронајден и одземен канабис. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.11.2023 во 22.30 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.И.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.11.2023 во 12.30 часот на подрачјето на Горче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Ш.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.11.2023 во 16.40 часот во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода Н.В.(30) од с.Цревеци-кичевско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка